# ВОДИЧ

## ТАЈНО ДРУШТВО

Во соработка со проектот “Корпоративно управување и Законот за трговските друштва” од **USAID**

Скопје 2005

Подготвил:
**Проф. Др. Елена Градишки Лазаревска**

Издавач:
**Здружение на правници од стопанството на РМ**
**Совет за корпоративно управување**

Уредувачки одбор:
**Проф. Др. Тито Беличанец,**
редовен професор на Правниот факултет во Скопје
**Самир Латиф,**
сениор правен советник при проектот CG & CL
**Др. Грегори Ф. Масен,**
директор на проектот CG & CL
**Дерил Браун,**
сениор правен советник при проектот CG & CL
**Марија Игњатова Ѓошева,**
правен советник при проектот CG & CL

Тираж:
1000 примероци

Печати:
Алма Печатница

Скопје 2005

## Вовед

Македонскиот Закон за трговските друштва од 2004 година[1] му посветува посебен дел (Седми Дел) на тајното друштво што во себе инкорпорира вкупно 12 членови. По бројот на членовите што се отстапени на оваа проблематика нашиот Закон за трговските друштва е над европскиот просек. Земјите во Европа што го познаваат ова друштво на уредувањето на неговиот правен статус посветуваат поскромен број на регули.

Со цел на поширокиот аудиториум да му ја "приближиме" оваа форма на друштво ќе ги опсервираме прашањата што ја сочинуваат срцевината на проблематиката врзана за тајното друштво, како граѓанско друштво.

## Важни прашања

Како најсуштествени прашања врзани за тајното друштво ќе ги разгледаме следните:

1) Што, гледано од правен окулар, претставува тајното друштво?

2) Каков третман има тајното друштво во македонското законодавство?

3) Кој настапува во правниот промет vis-·-vis третите лица?

---

[1] "Службен весник на Република Македонија", бр. 28/2004.

4) Кои се правата што ги стекнува тајниот содружник врз основа на својот влог?

5) Кој и како врши надзор над работата на тајното друштво, односно над работењето на претприемачот (јавниот содружник)?

6) Кои се законските услови за престанување на тајното друштво?

Пред да пристапиме кон одговорите на овие прашања ќе ги наведеме членовите на Законот за трговските друштва од 2004 година во коишто се извршени најзначајните измени во врска со проблематиката на тајното друштво.

**Промени во законодавството**

1) Во членот 567, став 1 подобрена е дефиницијата на тајното друштво преку употреба на посоодветни термини. Така, наместо термините "имотен влог" и "сопственик на претпријатие" се користат термините "паричен и непаричен влог" и "претприемач".

2) Во членот 570, став 3 предвидена е супсидиерна примена на одредбите од Законот за облигационите односи со коишто се уредува договорот за ортаклак (договорот за заедница) на односите меѓу претприемачот и тајниот содружник коишто не се уредени со договорот и со одредбите од Дел Седми од Законот за трговските друштва.

3) Во членот 576, став 3, Законот за трговските друштва од 2004 година го напушта решението дека "смрт" на

таен содружник не доведува до престанок на друштвото (решение содржано во членот 678, став 3 од Законот за трговските друштва од 1996 година) и прокламира решение дека со смртта на таен содружник друштвото престанува, освен ако со договорот не е поинаку определено.

4) Во Седмиот Дел од Законот за трговските друштва од 2004 година, посветен на проблематиката на тајното друштво, се напушта институтот "побивање на правните дејствија на стечајниот должник", односно посебните случаи на побивање регламентирани со членот 681 од Законот за трговските друштва од 1996 година.

**Прашање 1:**

Законот за трговските друштва во членот 567, став 1 го определува поимот на оваа посебна форма на друштво. Тајното друштво, согласно генералната законска определба, "*настанува со договор со кој едно лице (таен содружник) вложува, односно учествува со паричен и непаричен влог во претпријатието на друго лице - претприемач - јавен содружник и врз основа на влогот стекнува право да учествува во добивката и во загубата на претпријатието*".

Гледано од правен окулар тајното друштво претставува определен облигационен однос воспоставен меѓу две договорни страни: јавниот содружник т.е. претприемачот во чие претпријатие се вложува, односно учествува со паричен и непаричен влог, како една, и тајниот содружник, како друга договорна страна. *Врз основа на договорот, договорните страни воспоставуваат тајно содружни-*

*штво*. Тајноста на содружништвото се манифестира во тоа што содружникот којшто вложува, односно којшто учествува со паричен и непаричен влог во претпријатието на друго лице, во Законот за трговските друштва означен како таен содружник, е скриен од "очите" на јавноста, односно е непознат за јавноста. Тој пред надворешниот свет воопшто не се експонира. Неговото име не егзистира во фирмата на претприемачот. Во оној момент кога неговото име, со негово знаење или со претпоставка за негово знаење, ќе се појави во јавноста, односно ќе се најде во фирмата на претприемачот тајниот содружник го губи атрибутот "таен" и стекнува статус каков што има содружник во јавно трговско друштво.

*Тајното друштво настанува врз договорна основа. Тоа фундира на договорот.* Односите меѓу содружниците во тајното друштво, согласно генералната законска клаузула, се уредуваат договорно (член 570, став 1 од ЗТД). Договорот за тајното друштво е единствен извор на правното уредување на релацијата: јавен - таен содружник.

За уредувањето на своите меѓусебни односи содружниците слободно се договараат. Тие слободно се спогодуваат за целите, формите и размерите на интересите и условите на работењето на тајното друштво (член 569, став 1 од ЗТД).

На односите меѓу содружниците (јавниот и тајниот содружник) коишто не се уредени со договорот се применуваат одредбите од Седмиот Дел на Законот за трговските друштва за тајното друштво (член 567-578), а супсидиерно одредбите од Законот за облигационите односи со коишто

се уредува договорот за ортаклак (договорот за заедница).[2]

*Тајното друштво нема правен субјективитет и нема фирма.*[3] *Тоа не е правно лице*, па, отаде, *не подлежи на упис во трговскиот регистар.*

*Тајното друштво нема посебна фирма туку во правниот промет настапува под фирмата на претприемачот (јавниот содружник).* Името на тајниот содружник, тоа е веќе речено, не смее да се наоѓа во фирмата на претприемачот. Ако неговото име се наоѓа во неа, а тој тоа го знаел или морал да го знае, им одговара на доверителите за обврските од работењето на тајното друштво неограничено и солидарно со претприемачот (член 575 од ЗТД).

**Прашање 2.**

*Тајното друштво во македонското законодавство нема третман на трговско друштво.* Тајното друштво не е трговско друштво со оглед на фактот дека во односите vis-a-vis трети лица не се афишира како друштво. За надворешниот свет не постои никакво друштво ниту трговско ниту какво било друго. Во правниот промет настапува единствено претприемачот (јавниот содружник). Тајното друштво постои само во односите меѓу содружниците. Тоа

[2] Види: член 570, став 2 од ЗТД.

[3] Член 568, став 1 од ЗТД.

не дејствува спрема надвор.[4] *Тајнոто друштво*, затоа, *е исклучително внатрешно друштво*.

Како внатрешно друштво, тајното друштво нема сопствен имот (при неговото настанување не се формира заеднички имот на друштвото), нема фирма, нема правна и деловна способност. Тоа не се запишува во трговскиот регистар.

Иако нетрговско по својата природа, тајното друштво во Република Македонија е предмет на реглементирање со Законот за трговските друштва.

Зошто?

Врската на оваа материја со Законот за трговските друштва треба да се бара единствено во фактот што *претприемачот (јавниот содружник) мора секогаш да биде трговец без оглед на тоа дали е трговец поединец или е трговско друштво*.

*Не е неопходно тајниот содружник да биде трговец*. Таен содружник може да биде секое лице, трговец или нетрговец, ортаклак или наследна заедница.

[4] "Тајното друштво постои само во односите меѓу тајниот содружник и претприемачот - јавниот содружник и не настапува во односите со трети лица" (член 568, став 2 од ЗТД).

**Прашање 3.**

*Во правниот промет vis-`-vis третите лица настапува единствено претприемачот (јавниот содружник).*[5] Својството на застапник претприемачот не може да го пренесе на тајниот содружник. Тајниот содружник е исклучен од настапот во правниот промет наспрема третите лица.

Во правната теорија се експонира гледиштето за можноста на тајниот содружник со договорот за друштвото да му се даде прокура или трговско полномошно. Иако во теоријата ова прашање е спорно, извесен дел странски теоретски работници во однос на ваквата можност имаат позитивен став.[6]

Реченото за застапувањето важи и за одговорноста. *Претприемачот наспрема надворешниот свет е исклучителен носител на сите права и обврски од работењето.* Тајното друштво нема имот, односно нема актива и пасива, па не може да има ниту обврски. Имотот и обврските му припаѓаат на претприемачот (јавниот содружник) . Отаде, коректно е да се говори за обврски на претприемачот, а не за обврски на тајното друштво.

---

[5] "Претприемачот настапува во правниот промет и е исклучителен носител на сите права и обврски од работењето" (член 568, став 3 од ЗТД).

[6] Види: д-р Јакша Барбиќ .... и др, Закон о трговачким друштвима, 2 дио, водич за читање закона, "Организаторг, Загреб, 1995, стр. 96; д-р Шиме Ивањко - д-р Маријан Коцбек, Право дружб - статусно господарско право, "Часописни завод Урадни лист Републике Словенијег, Љубљана, 1996, стр. 225.

*Тајниот содружник нема одговорност наспрема трети лица. За обврските на претприемачот тајниот содружник не одговара.* Тој може да преземе одговорност за обврските на претприемачот (јавниот содружник) само врз основа на посебна правна работа (изјава, гаранција, пристапување кон долг итн.) *Единствена должност на тајниот содружник е уплатата на влогот на која се обврзал со договорот.*

Содружниците на тајното друштво (јавниот и тајниот содружник) во вршењето на должностите се должни да постапуваат со она внимание коешто го посветуваат на своите работи.[7]

**Прашање 4.**

*Во тајното друштво тајниот содружник учествува со паричен и непаричен влог што влегува во имотот на претприемачот - јавниот содружник.* Влогот на тајниот содружник може да се состои од пари, од ствари (подвижни и недвижни) и од права што имаат имотна вредност, коишто можат да се проценат и да се изразат во пари. Влогот не може да биде во форма на труд и услуги.

Тајниот содружник со својот влог учествува во претпријатието на друго лице - претприемач (јавен содружник). Притоа, *мора да постои претпријатие, а не поединечна работа, односно работи.*

[7] Член 569, став 2 од ЗТД.

*Влогот на тајниот содружник влегува во имотот на претприемачот - јавниот содружник* (член 567, став 2 од ЗТД). Претприемачот, разбирливо, треба да го користи влогот на тајниот содружник само на начинот утврден со договорот.

Законот за трговските друштва тајниот содружник го ослободува од обврската да го зголемува влогот или да го дополнува ако влогот биде намален поради загуба на тајното друштво. *Тајниот содружник*, имено, во текот на животот на друштвото, поради ситуација на претрпена загуба, *не е должен да врши зголемување или дополнување на влогот.*[8]

Врз основа на влогот тајниот содружник стекнува право да учествува во добивката и во загубата на претприемачот. Поделбата на добивката и поднесувањето на загубата претприемачот (јавниот содружник) и тајниот содружник ги уредуваат договорно. Ако уделот на тајниот содружник во добивката и во загубата не е определен со договорот, во случај на спор го определува судот во вонпроцесна постапка (член 572, став 3 од ЗТД).

На крајот на секоја деловна година, врз основа на деловните книги и на годишните сметки, претприемачот ја пресметува добивката, односно загубата, како и уделот на тајниот содружник во неа. Ако тајното друштво работи со добивка, претприемачот на тајниот содружник му ја исплаќа добивката што му припаѓа според договорот. Со еден исклучок. Ако влогот на тајниот содружник е намален поради загуба на тајното друштво, добивката се

---

[8] Член 571 од ЗТД.

употребува за зголемување на влогот на тајниот содружник до висина на влогот определен во договорот. Прецизно: ако влогот на тајниот содружник е намален поради загубите на друштвото, а друштвото подоцна работи со добивка, на тајниот содружник добивката нема да му се исплаќа туку ќе се придодава кон неговиот влог се додека тој не ја достигне висината до која тајниот содружник се обврзал во договорот.

*Законот за трговските друштва не го обврзува тајниот содружник на враќање на претходно примената добивка поради подоцнежни загуби.*[9]

И уште нешто: износот на пресметаната добивка што тајниот содружник не го презел не го зголемува неговиот влог. Со оглед на тоа дека неподигнатата добивка на тајниот содружник не се придодава на неговиот влог, таа во однос на претприемачот (јавниот содружник) останува како побарување на тајниот содружник.

*Учествувањето на тајниот содружник во покривањето на загубата искажана од работењето на друштвото со договорот за друштвото може да се исклучи.* Ако на крајот на годината тајното друштво покаже загуба, а со договорот не е исклучена обврската на тајниот содружник да учествува во нејзиното покривање, *тајниот содружник во загубата учествува само до износот на уплатениот или до се уште невнесениот влог.*[10]

---

[9] Член 573, став 2 од ЗТД.

[10] Член 572, став 2 од ЗТД.

**Прашање 5.**

Заради заштита на интересите на тајниот содружник, Законот за трговските друштва, по примерот на германското и австриското право, го конституира правото на надзор над работата на тајното друштво, односно над работењето на претприемачот (јавниот содружник) во полза на тајниот содружник.

Содржината на ова право се исцрпува во: а) правото на тајниот содружник да бара препис на годишните сметки, б) правото на испитување на нивната исправност и уредност со споредување во книгите и списите преку увид во нив и в) правото да бара од судот во вонпроцесна постапка да му нареди на претприемачот (јавниот содружник) на тајниот содружник да му ги даде годишните сметки или други објаснувања, како и да му ги стави на увид книгите и списите.[11]

Горенаведените права не можат со договорот ниту да се исклучат ниту да се ограничат.[12]

Поради тајноста на склучувањето на договорот не може да се исклучи опасноста содружниците во неговата содржина да инкорпорираат состојки што ќе го доведат под сомнеж квалификативот на договорот во смисла на тоа дали се работи за договор за тајно друштво или, пак, на пример, за договор за заем или за договор за дело. Во таков случај, регулите за начинот на остварувањето на правото на надзор над работата на тајното друштво,

[11] Член 574, став 1 и 2 од ЗТД.

[12] Член 574, став 3 од ЗТД.

односно над работењето на претприемачот (јавниот содружник) и опфатот на тоа право се индикатори за квалификацијата на договорот. Ако во договорот недостасуваат одредби за правото на надзор може со голема точност да се претпостави, покрај другите индикации, дека не се работи за тајно друштво. Кај договорот за заем и договорот за дело надзорот не е предвиден.

Резимирано: *правото на надзор на тајниот содружник над работата на тајното друштво, односно над работењето на претприемачот (јавниот содружник) е најзначаен индикатор во определувањето на тоа дали едно друштво е тајно друштво или не.*

**Прашање 6.**

Тајното друштво, согласно членот 576, став 1 од Законот за трговските друштва, престанува со:

1) истек на времето за коешто е склучен договорот за тајното друштво;

2) спогодба на претприемачот и тајниот содружник;

3) остварување на целите заради коишто е склучен договорот за тајното друштво или ако остварувањето на целите стане невозможно, без разлика на тоа дали договорот е склучен на определено или на неопределено време;

4) смрт на претприемачот, односно со престанување со работа на претприемачот; и

5) отворање стечајна постапка над друштвото во коешто претприемачот е јавен содружник или над таен содружник.

*Во горенаведените случаи до престанување на тајното друштво доаѓа по сила на законот, освен ако со договорот* за *друштвото не е поинаку определено* (член 576, став 2 од ЗТД). Овие случаи ex lege се услови за престанување на тајното друштво. Несомнено, договорните страни, освен оние предвидени со Законот, можат да договорат и други услови за престанување на тајното друштво. Таков услов може да биде отказ на договорот од едната или од другата договорна страна.[13]

*Смртта на тајниот содружник*, согласно со определбата на македонскиот творец на законскиот текст, *доведува до престанување на тајното друштво, освен ако со договорот не е поинаку определено* (член 576, став 3 од ЗТД).

*Тајното друштво не се ликвидира. Тоа нема заеднички имот, па, во случај на престанување, нема потреба од негово впаричување.* Во сите случаи на престанување на тајното друштво, освен во случај на отворање стечајна постапка над друштвото во коешто претприемачот е јавен содружник, се врши таканаречена меѓусебна пресметка. Пресметката ја составуваат претприемачот (јавниот содружник) и тајниот содружник, со тоа што претприемачот е должен побарувањето на тајниот содружник да го

[13] Во германското и во австриското право отказот на договорот е законска, а не договорна причина за престанување на тајното друштво.

исплати во пари, освен ако не се спогодиле поинаку (член 577 од ЗТД).

Ако се отвори стечајна постапка над друштвото во коешто претприемачот е јавен содружник, тајниот содружник е должен да го внесе веќе пристигнатиот дел од влогот. Делот од влогот, којшто до отворањето на стечајната постапка над друштвото сѐ уште не е пристигнат, тајниот содружник, без оглед на делот на загубата којашто паѓа врз него, не мора да го внесе во стечајната маса (член 578, став 1 и 3).

**Листа на практични прашања поврзани со темата**

1) Каков треба да биде по форма договорот за тајното друштвото?

2) Кои одредби треба да имаат атрибут на воблигаторни состојкиг во договорот за тајното друштво?

3) Дали претприемачот (јавниот содружник) може да има повеќе тајни содружници?

**Препораки**

1) Во Законот за трговските друштва не е пропишана формата на договорот за тајното друштво. Норматворецот не статуира обврска за склучување на договорот во писмена форма, па, отаде, содружниците својата волја можат да ја манифестираат и во усмена форма како и со конклудентни дејствија.

Но, имајќи го во предвид карактерот на тајното друштво, а заради заштита на интересите на содружниците, а посебно на интересите на тајниот содружник, препорачливо е договорот за тајното друштво да се склучува во писмена форма.

2) Во Законот за трговските друштва не е определена суштествената содржина (essentialia negotii) на договорот за тајното друштво, односно не се определени неговите задолжителни состојки. Но, имајќи ја предвид правната природа на тајното друштво и карактерот на односите што се воспоставуваат меѓу содружниците во него, по логиката на нештата, би било препорачливо договорот да содржи договорни компоненти какви што се, на пример, износот на влогот на тајниот содружник и неговиот вид, времето (денот) на вложувањето, уделот на тајниот содружник во добивката и во загубата. Атрибут на "облигаторни состојки", секако, треба да имаат и одредбите за правата и обврските на содружниците, а посебно за начинот на остварувањето на правото на тајниот содружник на надзор над работењето на тајното друштвото, односно над работењето на претприемачот (јавниот содружник). Договорот треба да содржи и регули за времетраењето и за престанувањето на друштвото. Карактер на таканаречена "договорна материја" треба да имаат и одредбите за пресметката и начинот на исплаќањето на побарувањето на тајниот содружник во случај на престанување на тајното друштво.

3) *Претприемачот (јавниот содружник) може да има еден или повеќе тајни содружници.* Со воспоставување на договорно-правни односи врз основа на парични и

непарични влогови на еден или на повеќе тајни содружници претприемачот (јавниот содружник) може да обликува едно или повеќе тајни друштва, поточно онолку тајни друштва колку што има тајни содружници. Секој договор за тајно содружништво претставува посебно тајно друштво. Значи, можат да настанат онолку тајни друштва колку што тајни содружници поединечно вложиле, односно учествувале со паричен и непаричен влог во претпријатието на другото лице - претприемачот (јавниот содружник). Сите тајни друштва, по правило, се правно независни, но можноста за нивна спогодбена соработка, секако, не треба да се исклучи.

Овој водич претставува дел од серијалот на публикации за новиот Закон за трговски друштва подготвен од Здружението на правници од стопанството на РМ и Советот за корпоративно управување во соработка со **USAID** Проектот за корпоративно управување и Закон за трговски друштва. Овие брошури и избрана литература може да ги најдете на www.maccorpgov.com.mk и www.mbla.org.mk.

Јазична поддршка од **USAID** Проектот за корпоративно управување и Закон за трговски друштва:

Весна Миркоска, Главен лектор
Марија Стојановска
Ана Шошолчевска